**20241642907**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 52 став (3) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20), министерот за образование и наука, донесе

## КАЛЕНДАР ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

Член 1

Со овој календар се утврдува организирањето на учебната година во основните училишта согласно програмските целини во наставната година: полугодие, други форми на воспитно образовна дејност и ученички одмор за учебната 2024/2025 година.

Член 2

Учебната година во основните училишта започнува на 1 септември 2024 година, а завршува на 31 август 2025 година.

Наставната година започнува на 2 септември 2024 година и завршува на 10 јуни 2025 година.

Член 3

Наставната година ја сочинуваат две полугодија - I и II полугодие.

Првото полугодие започнува на 2 септември 2024 година и завршува на 30 декември 2024 година.

Второто полугодие започнува на 20 јануари 2025 година и завршува на 10 јуни 2025 година.

Член 4

Во текот на учебната година учениците користат зимски и летен одмор.

Зимскиот одмор започнува на 31 декември 2024 година и завршува на 19 јануари 2025 година.

За време на зимскиот одмор вработените во училиштето од 2 јануари 2025 година до 10 јануари 2025 година користат платени неработни денови.

Летниот одмор започнува на 11 јуни 2025 година и завршува на 31 август 2025 година.

Член 5

Основните училишта од 11 јуни до 20 јуни 2025 година организираат дополнителна настава, поправни испити и одделенски испити, а од 18 август до 22 август 2025 година организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош на учениците кои треба да полагаат поправни испити и одделенски испити и ги спроведуваат истите.

Член 6

Воспитно-образовната работа за учениците се организира во текот на целата работна недела.

Член 7

Во учебната 2024/2025 година наставата се остварува во 180 наставни денови.

Член 8

На денот на училиштето се организираат културни, спортски и други манифестации.

Традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик се одбележува со организирање на културни и други манифестации.

Денот на училиштето и традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик, се наставни денови кога се изведуваат посебни програми за манифестациите од ставовите 1 и 2 на овој член.

Член 9

Работните денови кога се изведуваат ученичките екскурзии, денот на училиштето и традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик, се наставни денови кога се изведуваат посебни програми.

За учениците кои не ги посетуваат ученичките екскурзии, училиштето организира редовна настава согласно распоредот на наставни часови.

Член 10

Со денот на отпочнувањето на примената на овој календар престанува да важи Календарот за организација и работа на основните училишта во учебната 2023/2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 167/23).

Член 11

Овој календар влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 септември 2024 година.

Бр. 18-7415/1
6 август 2024 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
проф. д-р **Весна Јаневска,** с.р.